До Основен суд Прилеп

**Б А Р А Њ Е**
**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија бр. 101/19“), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

(опис на информацијата која се бара)

Информации кои се бараат од **граѓанскиот оддел** на судот

1. Број на започнати граѓански постапки за изрекување на привремена/итна мерка за заштита согласно Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство[1], односно Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство[2], за периодот од 2019 до 2021 година, разделени по:
   - (а) години (за 2019, 2020 и 2021 година, со датум на последно обновување на податоците за 2021 година);
   - (б) предлагач (дали предлагач е Министерството за внатрешни работи, центарот за социјална работа, жртвата, родител или старател);
   - (в) пол на жртвата и пол на сторителот-противникот;
   - (г) однос помеѓу жртвата и сторителот-противникот[3];
   - (д) вид на насилство за кое е побарана привремена/итна мерка (физичко, психичко, економско, сексуално или друг облик на насилство);
   - (ѓ) времетраење на постапката;
   - (е) донесената одлука (доколку постапката завршила, дали барањето за привремена/итна мерка е усвоено во целост, делумно усвоено, одбиено во целост, отфрлено или повлечено).
   - (ж) вид на изречена привремена/итна мерка за заштита (доколку постапката завршила);
   - (з) времетраење на изречената привремена/итна мерка за заштита (доколку постапката завршила). 1 година

2. Број на граѓански постапки од прашањето под точка 1 кои се правосилно завршени, разделени по години за 2019, 2020 и 2021 година (со датум на последно обновување на податоците за 2021 година).

3. Број на поднесени и број на усвоени предлози од Министерството за внатрешни работи (МВР) за изрекување на итна мерка за заштита – отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот, разделени по години за 2019, 2020 и 2021 година (со датум на последно обновување на податоците за 2021 година).

---

[1] Службен весник на Република Македонија број 138/14, 33/15 и 150/15.
[2] Службен весник на Република Северна Македонија број 24/2021.
[3] Појаснување: дали се работи за сопружници, вонбрачни партнери, интимни партнери, поранешни сопружници/вонбрачни партнери/интимни партнери, друг член на семејството или лица кои немаат било каква интимна/роднинска врска.

4. Број на предмети каде била изречена привремена мерка за заштита од родово-базирано и семејно насилство – задолжително посетување на соодветно советувалиште за сторители на насилство врз жени и семејно насилство разделени по години за 2019, 2020 и 2021 година (со датум на последно обновување на податоците за 2021 година).

5. Број на поднесени предлози и број на усвоени предлози за продолжување на привремена/итна мерка за заштита, разделени по предлагач (дали предлагач е жртвата или центарот за социјална работа) по години за 2019, 2020 и 2021 година (со датум на последно обновување на податоците за 2021 година).

6. Број на поднесени предлози и број на усвоени предлози за укинување на привремена/итна мерка за заштита, разделени по предлагач (дали предлагач е жртвата или центарот за социјална работа) и по години за 2019, 2020 и 2021 година (со датум на последно обновување на податоците за 2021 година).

7. Број на поднесени предлози и број на усвоени предлози за измена на привремена/итна мерка за заштита, разделени по предлагач (дали предлагач е жртвата или центарот за социјална работа) и по години за 2019, 2020 и 2021 година (со датум на последно обновување на податоците за 2021 година).

8. Број на поднесени жалби против првостепената одлука на основниот суд за изречена привремена/итна мерка за заштита, разделени по подносител (дали жалбата е поднесена од предлагачот или од сторителот/противникот) и по години за 2019, 2020 и 2021 година (со датум на последно обновување на податоците за 2021 година).

9. Број на примени известувања за непочитување или прекршување на изречената привремена/итна мерка за заштита разделени по подносител на известувањето (дали се работи за центарот за социјална работа или МВР), разделени по години за 2019, 2020 и 2021 година (со датум на последно обновување на податоците за 2021 година).

10. Број на предмети каде судот побарал известување од центарот за социјална работа или од МВР за начинот на спроведување на изречената привремена/итна мерка на заштита, разделени по години за 2019, 2020 и 2021 година (со датум на последно обновување на податоците за 2021 година).

11. Број на примени известувања за непочитување или прекршување на изречената привремена мерка задолжително посетување советувалиште за сторители на насилство врз жени или семејно насилство и број на предмети каде судот побарал известување за начинот на спроведување на изречена привремена мерка задолжително посетување советувалиште за сторители на насилство врз жени или семејно насилство, разделени по години за 2019, 2020 и 2021 година (со датум на последно обновување на податоците за 2021 година).

12. Дали во текот на 2021 година, по стапувањето во сила на Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 24/2021), биле иницирани постапки за утврдување на одговорност за непостапување со должно внимание согласно одредбите од овој закон? Доколку одговорот на ова прашање е потврден, доставете ни податок за бројот на примени тужби и иницирани постапки од овој вид, против кого е поднесена тужба и за бројот на предмети каде тужбеното барање било целосно или делумно усвоено.

Информации кои се бараат од **кривичниот оддел** на судот

1. Број на започнати кривични постапки за родово-базирано насилство врз жените и семејно насилство, за периодот од 2019 до 2021 година, разделени по:
   - години (за 2019, 2020 и 2021 година, со датум на последно обновување на податоците за 2021 година);
   - пол на сторителот и пол на жртвата;
   - однос помеѓу сторителот и жртвата[4];
   - вид на насилството (физичко, психичко, економско, сексуално или друг облик на насилство);
   - квалификација на делото според Кривичниот законик;
   - начин на извршување на кривичното дело;
   - место на извршување на кривичното дело (дом или јавен простор);
   - времетраење на постапката;
   - донесената одлука (доколку постапката завршила, дали пресудата била одбивателна, осудителна, ослободителна);
   - вид и времетраење на изречената кривична санкција (доколку постапката завршила).

2. Број на кривични постапки од прашањето под точка 1 кои се правосилно завршени, разделени по години за 2019, 2020 и 2021 година (со датум на последно обновување на податоците за 2021 година).

3. Број на предмети за кривични дела на родово-базирано насилство и семејно насилство каде била изречена алтернативна мерка – условна осуда со заштитен надзор со обврска за осуденото лице за посетување на програма за работа со осуденици во советувалиште за сторители на родово-базирано и семејно насилство, разделени по години за 2019, 2020 и 2021 година (со датум на последно обновување на податоците за 2021 година).

[4] Појаснување: дали се работи за сопружници, вонбрачни партнери, интимни партнери, поранешни сопружници/вонбрачни партнери/интимни партнери, друг член на семејството или лица кои немаат било каква интимна/роднинска врска.

4. Број на предмети каде кривичната постапка за кривични дела на родово-базирано и семејно насилство завршила со <u>пресуда врз основа на предлог-спогодба</u> во согласност со член 490 од Законот за кривичната постапка[5], разделени по видот и времетраењето на изречената санкција и по години за 2019, 2020 и 2021 година (со датум на последно обновување на податоците за 2021 година).

5. Број на предмети каде кривичната постапка за кривични дела на родово-базирано и семејно насилство завршила со <u>пресуда врз основа на признание на вина</u>, разделени по видот и времетраењето на изречената санкција и по години за 2019, 2020 и 2021 година (со датум на последно обновување на податоците за 2021 година).

6. Број на предмети за кривично дело – <u>непочитување на судска одлука</u> каде постапката била иницирана заради <u>непочитување на судска одлука за изречена привремена мерка за заштита</u> согласно Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, односно Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, разделени според изречената кривична санкција и по години за 2019, 2020 и 2021 година (со датум на последно обновување на податоците за 2021 година).

Форма во која се бара информацијата:
а) електронски запис
б) по пошта

(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
а) е-маил
б) по пошта

[redacted]

[redacted]

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

---

[5] Службен весник на Република Македонија број 150/10, 100/12, 142/16 и 198/18.

Во Скопје

Датум 16.12.2021 година



РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП
СПИ бр.14/2021
Дата:17.12.2021 година
ПРИЛЕП

[redacted]

ПРЕДМЕТ: Одговор на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер

Во врска со Вашето барање за слободен пристап до информации од јавен карактер Ве информираме следното:

1. За точката 1 од Вашето барање, Ви ги даваме следните податоци:

- Во текот на 2019 година во евиденцијата на Основен суд Прилеп евидентирани се 21 (дваесет и една) постапка за привремена мерка за заштита од семејно насилтсво
- Во текот на 2020 година во евиденцијата на Основен суд Прилеп евидентирани се 35 (триесет и пет) постапка за привремена мерка за заштита од семејно насилтсво
- Во текот на 2021 година во евиденцијата на Основен суд Прилеп евидентирани се 24 (дваесет и четири)постапка за привремена мерка за заштита од семејно насилтсво со датум на последно обновување 17.12.2021 година.
- За 2019 година во 16 (шеснаесет)постапки постапката е иницирана од ЈУ Меѓуопштински Центар за социјални работи додека во 5 постапки постапката е иницирана од физичко лице.
- За 2020 година во 29 (дваесет и девет) постапки постапката е иницирана од ЈУ Меѓуопштински Центар за социјални работи додека во 6 постапки постапката е иницирана од физичко лице.
- За 2021 година во 20 (дваесет) постапки постапката е иницирана од ЈУ Меѓуопштински Центар за социјални работи додека во 4 (четири) постапки постапката е иницирана од физичко лице

- Во 2019 година од евидентираните постапки сторители на семејносто насилство се 19 (деветнаесет) мажи, жртви на семејното насилство се 17 (седумнаесет) жени, жртви на семејно насилство се 2 (две) деца и жртви на семејно насилство се 2 (две) мажи ( во еден предмет може да се јавуваат повеќе жртви или повеќе сторители)
- Во 2020 година од евидентираните постапки сторители на семејносто насилство се 29 (дваесет и девет) мажи, сторители на семејно насилство се 3 (три) жени, жртви на семејното насилство се 18 (осумнаесет) жени, жртви на семејно насилство се 3 (три) деца и жртви на семејно насилство се 9 (девет) мажи ( во еден предмет може да се јавуваат повеќе жртви или повеќе сторители)

- Во 2021 година од евидентираните постапки сторители на семејносто насилство се 22 (дваесет и два) мажи, сторители на семејно насилство се 2 (две) жени, жртви на семејното насилство се 16 (шеснаесет) жени, жртви на семејно насилство се 3 (три) деца и жртви на семејно насилство се 4 )четири) мажи ( во еден предмет може да се јавуваат повеќе жртви или повеќе сторители)

- Во евидентираните постапки во 2019 година во 4 (четири) постапки односот меѓу жртвата и сторителот е родител како жртва и дете како сторител, во 13 (тринаесет) постапки сопруга како жртва и соприг како сторител и во 2 (две) постапки деца како жртва и родител како сторител, во 2 (две) постапки предлогот се смета за повлечен

- Во евидентираните постапки во 2020 година во 9 (девет) постапки односот меѓу жртвата и сторителот е родител како жртва и дете како сторител, во 15 (петнаесет) постапки сопруга како жртва и сопруг како сторител и во 2 (две) постапки деца како жртва и родител како сторител, во 3 (три) постапки сторителот и жртвата се во вонбрачна заедница , во 3 (три) постапки предлогот се смета за повлечен

- Во евидентираните постапки во 2021 година во 7 (седум) постапки односот меѓу жртвата и сторителот е родител како жртва и дете како сторител, во 10 (десет) постапки сопруга како жртва и сопруг како сторител и во 1 (една) постапки деца како жртва и родител и баба и дедо како сторител, во 2 (две) постапки предлогот се смета за повлечен и 1 (еден) предмет не е решен.

- Во евидентираните постапки за 2019, 2020 и 2021 година претежно е евидентирани психичко, физичко и економско насилство, привремена мерка за заштита од семејно-сексуално насилство не е побарана од страна на подносителите.

- За евидентираните предмети во 2019 година одлука е донесена до 30 (триесет) дена
- За евидентираните предмети во 2020 година одлука е донесена до 30 (триесет) дена
- За евидентираните предмети во 2021 година одлука е донесена до 30 (триесет) дена

- Во 2019 година во 19 (деветнаесет) предмети е дондесена одлука за изрекување на привременамерка за заштита од семејно насилство , во 2 (два) предмети постапката е повлечена

- Во 2020 година во 31 (триесет и еден) предмети е дондесена одлука за изрекување на привремена мерка за заштита од семејно насилство , во 3 (три) предмети постапката е повлечена и во 1 (еден) предмет барањето е изменето

- Во 2021 година во 21 (дваесет и еден) предмети е дондесена одлука за изрекување на привремена мерка за заштита од семејно насилство , во 2 (два) предмети постапката е повлечена и во 1 (еден) предмет не е решен

Вид на привремени мерки кои се изречени во постапките:

- Забрана да се заканува дека ќе стори семејно насилство,
- Забрана да ја малтретира, вознемирува, телефонира, контактира или на друг начин комуницира со жртвата на семејно насилство
- Задолжително лекување во ЈЗУ Психијатриска болница

- Изречените времени мерки во сите постаки се во траење од временски период од 6 месеци до 1 година

2. - Во 2019 година во 19 (деветнаесет) постапки се донесени правосилни судски

- Во 2020 година во 29 (двесет и девет) постапки се донесени правосилни судски одлуки

- Во 2021 година во 20 (дваесет) постапки се донесени правосилнби судски одлуки

3. Во периодот од 2019-2021 година во Основен суд Прилеп не се евидентирани постапки иницирани од страна на Министерство за внатрешни работи.

4. – Во 2019 година во 16 (шеснаесет) евидентирани постапки е се изречени привремени мерки за заштита од семејно насилство а само во 4 (четири) е изречена мерка задолжително лекување во психијатриска установа и задолжително посетување на советувалиште за сторителите на насилството врз жени и семејно насилство и во сите постапки предлагач е ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјални работи Прилеп

- Во 2020 година во 21 (дваесет и една) евидентирани постапки е се изречени привремени мерки за заштита од семејно насилство а во 19 (деветнаесет) постапки е изречена мерка задолжително лекување во психијатриска установа и задолжително посетување на советувалиште за сторителите на насилството врз жени и семејно насилство, и во сите постапки предлагач е ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјални работи Прилеп

- Во 2021 година во 15 (петнаесет) евидентирани постапки е се изречени привремени мерки за заштита од семејно насилство а во 12 (дванаесет) постапки е изречена мерка задолжително лекување во психијатриска установа и задолжително посетување на советувалиште за сторителите на насилството врз жени и семејно насилство, и во сите постапки предлагач е ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјални работи Прилеп

5. - Во 2019 година во евиденција за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство не се евидентирани постапки за продолжување на изречената привремена мерка за заштита од семејно насилство, и во сите постапки предлагач е ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјални работи Прилеп

- Во 2020 година во евиденција за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство е евидентирана 1 (една) постапка за продолжување на изречената привремена мерка за заштита од семејно насилство, и во сите постапки предлагач е ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјални работи Прилеп

- Во 2021 година во евиденција за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство е евидентирана 1 (една) постапка за продолжување на изречената привремена мерка за заштита од семејно насилство, и во сите постапки предлагач е ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјални работи Прилеп

6. - Во 2019 година во евиденција за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство се евидентирана 2 (две) постапки за укинување на изречената привремена мерка за заштита од семејно насилство, и во сите постапки предлагач е ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјални работи Прилеп

- Во 2020 и 2021 година во евиденција за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство не се евидентирани постапки за укинување на изречената мерка за заштита од семејно насилство, и во сите постапки предлагач е ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјални работи Прилеп.

7. - Во 2019 година во евиденција за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство се евидентирани 4 (четири) постапки за изменување

на изречената привремена мерка за заштита од семејно насилство, и во сите постапки предлагач е ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјални работи Прилеп

- Во 2020 година во евиденција за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство се евидентирани 9 (девет) постапки за изменување на изречената привремена мерка за заштита од семејно насилство, и во сите постапки предлагач е ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјални работи Прилеп,

- Во 2021 година во евиденција за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство се евидентирани 3 (три) постапки за изменување на изречената привремена мерка за заштита од семејно насилство, и во сите постапки предлагач е ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјални работи Прилеп

8. – Во 2019 година на одлука за изрекување на привремена мерка за заштита од семејно насилство е поднесена 1 (една) жалба и тоа од страна на сторителот на насилството.

- Во 2020 година на одлука за изрекување на привремена мерка за заштита од семејно насилство е поднесена 3 (три) жалби и тоа 1 (една) од страна на сторителот на насилството, 1 (една) од страна на ЈУ МЦСР Прилеп предлагачот и 1 (една) од жртвата на семејното насилство.

- Во 2021 година на одлука за изрекување на привремена мерка за заштита од семејно насилство е поднесена 5 (пет) жалби и тоа 1 (една) од страна на жртвата на семејното насилствои 4 (четири) поднесени од сторители на семејно насилство.

9. Во 2019, 2020 и 2021 година Основниот суд во Прилеп нема примено известување од жртвата или подносителот, за непочитување на изречените привремени мерки за заштита од семејно насилство од страна на сторителите на семејното насилство.

10. Во 2019, 2020 и 2021 година Основниот суд во Прилеп нема евидентирано предмети каде Основен суд Прилеп побарал известување од ЈУ МЦСР или МВР за начинот на спроведување на изречените привремени мерки.

11. Во 2019, 2020 и 2021 година Основниот суд во Прилеп нема примени известувања за непочитување или прекршување на изречената привремена мерка задолжително посетување на советувалиште за сторителот на семејното насилство врз жени или семејно насилство и нема еводентирано предмети каде судот побарал известување за начинот на спроведување на истите бидејки самата психијатриска установа во која бил хоспитализиран сторителот го известува судот за истото.

12. Во текот на 2021 година во Основен суд Прилеп не се евидентирани такви постапки.

Основен суд Прилеп 21.12.2021 година

[redacted]

[redacted]

**Република Северна Македонија**
**Основен суд Прилеп**
**Претседател**
**Спи. бр.14/21-1**
**27.12.2021 г.**

[redacted]

ПРЕДМЕТ : Информации

Во врска со Вашето барање, Ви ги доставуваме следните податоци со кои располага Основен суд Прилеп, асе однесуваат за кривични постапки за родово-базирано насилство врз жените и семејно насилство, за периодот од 2019 до 2021 година и тоа:

**1.**

1. - во 2019 година започнати се 31 кривични постапки
   - во 2020 година започнати се 44 кривични постапки и
   - во 2021 година започнати се 43 кривични постапки

2. – во 2019 година има 28 сторители мажи и 3 сторители жени, а од жртвите 6 биле мажи, 29 жени и 2 деца.
   - во 2020 година има 42 сторители мажи и 6 сторители жени, а од жртвите 12 се мажи, 36 жени и 3 деца
   - во 2021 година има 39 сторители мажи и 4 жени, а од жртвите 4 се мажи, 38 жени и 5 деца.
3. Во2019 година во 18 случаи односот на сторителот и жртвата билево брачни односи т.е маж и жена, 2 случаи односот сторител жена бил во вонбрачни односи, по 1 случај каде сторителот е свекор а жртва снаа, сторител снаа жртва свекрва, 1 случај сторител и жртва браќа, сторителот бил син жртви мајката и бабата, 1 случај синот ги нападнал своите родители, 1 случај дечко и девојка, 1 случај ќерката го напднала својот татко, 1 случај татко и 2 ќерки, 1 случај поранешни брачни партнмери и 1 случај сторител татко жртва ќерка и татко на сторителот.
   Во 2020 година во 19 од случаите односот сторител жртва се брачни партнери, 5 вонбрачни партнери, 1 дечко и девојка, 2 векор и снаа, 1 жена и сестра сторители жртва маж (брат), 4 случаи син и родители, 3 татко и син, 1 браќа, поранешни брачни партнери 5 случаи.

4. Во 2019 година 25 од случаите било физичко насилство, а 6 психичко насилство.

Во 2020 година 21 од случаите било физичко насилство, а 23 психичко насилство.

Во 2021 година 29 од случаите било физичко насилство, а 15 психичко насилство.

5. Во 2019 година кривичните постапки за родово-базирано насилство врз жените и семејно насилство а според квалификација на делото според КЗ се 22 постапки за телесна повреда чл.130 ст.2 вв ст.1, 8 за загрозување на сигурноста чл.144 ст.2 вв ст.1 и 1 за убиство чл.123 ст.2 т.2.

Во 2020 година кривичните постапки за родово-базирано насилство врз жените и семејно насилство а според квалификација на делото според КЗ се 18 постапки за телесна повреда чл.130 ст.2 вв ст.1, 23 за загрозување на сигурноста чл.144 ст.2 вв ст.1 и 1 за убиство чл.123 ст.2 т.2 и 2 за тешка телесна повреда чл. 131 ст.4 вв ст.2 и ст.1

Во 2021 година кривичните постапки за родово-базирано насилство врз жените и семејно насилство а според квалификација на делото според КЗ се 229 постапки за телесна повреда чл.130 ст.2 вв ст.1, 13 за загрозување на сигурноста чл.144 ст.2 вв ст.1.

6. Во 2019 година случаите каде е вршено психичко насилство сите случаи се вршени на начин што сторителите им се заканувале на жртвите по нивниот живот. Во случаите каде е вршено физичко насилство во поголем дел од случаите се удари со раце и тупаници по глава и тело, употреба на дрво, дрвен бастун, со маша, боксови, давење, метален боксирач, нож, метална рачка од правосмукалка.

Во 2020 година случаите каде е вршено психичко насилство сите случаи се вршени на начин што сторителите им се заканувале на жртвите по нивниот живот. Во случаите каде е вршено физичко насилство во поголем дел од случаите се удари со раце и тупаници по глава и тело, употреба на огнено оружје, нож, местална шипка, бастун.

Во 2021 година случаите каде е вршено психичко насилство сите случаи се вршени на начин што сторителите им се заканувале на жртвите по нивниот живот. Во случаите каде е вршено физичко насилство во поголем дел од случаите се удари со раце и тупаници по глава и тело, употреба на метално столче, давење

7. Во 2019 година 26 од случаите на насилство се извршени во домот на жртвите, а во 5 случаи на насилство извршено е во јавен простор.

Во 2020 година 37 од случаите на насилство се извршени во домот на жртвите, а 7 надвор т.е во јавен простор.

Во 2021 година 33 од случаите на насилство се извршени во домот на жртвите, а 10 надвор во јавен простор.

8. Во 2019 година времетраењето на кривичните постапки за родово-базирано насилство врз жените и семејно насилство е: за 9 до 30 дена, 12 од 31 ден до 3 месеци, 2 од 3 месеци до 6 месеци, 3 од 6 месеци до 1 година, 2 од 1 година до 2 години и 2 случаи над 2 години.

Во 2020 година времетраењето на кривичните постапки за родово-базирано насилство врз жените и семејно насилство е: за 13 до 30 дена, 14 од 31 ден до 3 месеци, 7 од 3 месеци до 6 месеци, 5 од 6 месеци до 1 година, 1 од 1 година до 2 години.

Во 2021 година времетраењето на кривичните постапки за родово-базирано насилство врз жените и семејно насилство е: за 19 до 30 дена, 1 од 31 ден до 3 месеци, 2 од 3 месеци до 6 месеци.

9. Во 2019 година сите кривични постапки за родово-базиранонасилство врз жените и семејно насилство се завршени и тоа за 28 пресудата е осудителна, за 1 ослободителна а за 2 е запрена кривичната постапка.

Во 2019 година сите кривични постапки за родово-базиранонасилство врз жените и семејно насилство се завршени и тоа за 37 пресудата е осудителна, за 3 е запрена кривичната постапка, а за 4 сеуште трае кривичната постапка.
Во 2019 година сите кривични постапки за родово-базиранонасилство врз жените и семејно насилство се завршени и тоа за 20 пресудата е осудителна, за 2 е запрена кривичната постапка, а за 11 сеуште трае кривичната посстапка.

10. За кривичните постапки за родово-базирано насилство врз жените и семејно насилство изречени се сл. кривични санкции:
   - 2019 година 20 пресуди со условна осуда и тоа 3 месеци затвор условена казна за 1 година, 2 пресуди со условна осуда 1 година и 6 месеци затвор условена казна за 2 години, 1 пресуда со условна осуда 8 месеци затвор условена казна за 1 година, 1 пресуда со условна осуда 6 месеци затвор условена казна за 1 година, 1 пресуда со условена осуда 1 месец затвор условена казна за 1 година и 1 пресуда со условена осуда 12 месеци затвор условена казна за 2 години. Донесена е една пресуда со казна затвор од 20 години и мерка задолжително лекување на алкохоличари и наркомани и една со казна затвор од 1 година и 4 месеци.
   - 2020 година 23 пресуди со условна осуда и тоа 3 месеци затвор условена казна за 1 година, 1 условна осуда 6 месеци затвор условена казна за 1 година, 1 условна осуда 8 месеци затвор условена казна за 1 година, 6 условни осуди 1 месец затвор условена казна за 1 година, 1 условна осуда 4 месеци затвор условена казна за 1 година, 1 условна осуда 2 години затвор условена казна за 4 години, 1 мерка задолжително психијатриско лекување и чување во установа, 1 осуда доживотен затвор, 1 осуда 3 месеци затвор, 2 парични казни од 20 дневни глоби во износ од 12.300,00 денари и 60 дневни глоби во износ од 18.450,00 денари.
   - 2021 година 19 пресуди со условна осуда и тоа 3 месеци затвор условена казна за 1 година и 1 пресуда со парична казна од 40 дневни глоби во износ од 24.600,00 денари.

2. Кривични постапки кои се правосилно завршени се за 2019 – 30 кривични постапки, за 2020 – 38 кривични постапки и за 2021 – 21 кривична постапка.
3. Не е изречена алтернативна мерка – условна осуда со заштитен надзор со обврска осуденото лице за посетување на програма за работа со осуденици во советувалиште за сторители на родово-базирано и семејно насилство.
4. Нема кривични предмети за кривични дела на родово-базирано и семејно насилство која завршила со пресуда врз основа на предлог спогодба.
5. Предмети за кривично дело – непочитување на судска одлука се: за 2019 – 3 од кои сите се осудителни 1 на казна затвор од 1 година и 2 условни осуди и тоа 1 условна осуда 1 година и 6 месци затвор условена казна за 2 години и 1 условна осуда 3 месеци затвор условена осуда за 1 година, за 2020- 2 од кои двете се осудителни – условни осуди 3 месеци затвор условена казна за 1 година и за 2021 – 3 од кои 1 осудителна условена осуда 3 месеци затвор условена казна за 1 година и 2 нерешени.